Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

DEPARTAMENTI PËR PLANIFIKIM HAPËSINOR

Арх.бр. УП1-15 27/2024

Дата 17-01-2024

Врз основа на член 88 од Законот за општа управна постапка (“Службен весник на Република Македонија” бр. 124/15 и “Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 76/20), како и врз основа на член 42, став 1 и став 9 од Законот за урбанистичко планирање (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 32/20 и 111/23), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија (“Службен весник на Република Македонија” бр. 39/04), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

**РЕШЕНИЕ**
**за Услови за планирање на просторот**

1. Со ова Решение на Општина Штип се издаваат **Услови за планирање на просторот со намена водови за пренос на електрична енергија за каблирање на среднонапонски подземен кабелски вод 10(20) kV, КО Штип 1, КО Три Чешми, КО Три Чешми вон град и КО Криви Дол, Општина Штип.** Вкупната должина на планираната траса изнесува 5,6 км. Должината за која се издаваат Условите изнесува 3,8 км.

Останатиот дел од планираната траса влегува во издадени Услови за планирање на просторот со тех.бр:
- Y02614 – Урбанистички план за село Три Чешми, Општина Штип:
- Y04013 – Генерален урбанистички план за град Штиш, Општина Штип:
- Y00207 – УП за слободна економска зона локалитет “Три Чешми”, Општина Штип:
- Y65122 – за подземен кабелски вод (35kV) траса со почеток од КП 1440/1, КО Ново Село Штип, се до приклучок во трафостаница КЕЦ 1 Штип, КП 139, КО Штип 1 Општина Штип.

Планираната траса се сече со траси на издадени Услови за планирање на просторот со тех.бр.:
- Y16811 – ПИ за изградба на инфраструктурни објекти (водовод, фекална и атмосферска канализација) надвор од ТИП3 Штип:
- Y11012 – ПИ за проект дислокација – каблирање на дел од постоечки ДВ 35kV Штип-Овче Поле (на дел од влезот на новата Економска зона во Штип од ТС 110/3 Штип 1) Општина Штип:
- Y20610 – ПИ за надградба на магистрален пат М-6, Штип-Струмица во автопат:
- Y20911 – ПИ за изградба на магистрален гасовод за делница 1: Клечовце-Штип-Кавадарци.


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “Presveta Bogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Во непосредна Близина на планираната траса се наоѓаат опфати на издадени Услови за планирање на просторот со тех.бр.

- Y06523 – за поставување на површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) на дел од КП 95/10, КО Три Чешми-вон град, Општина Штип:
- Y49123 – со намена површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) на КП 95/33, КО Три Чешми-вон град, Општина Штип:
- Y36321 – за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани со моќност до 10 MW на КП 7/3, КП 7/5 и КП 7/6, КО Три Чешми-вон град, Општина Штип.

**Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.**

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот **со тех. бр. Y55523** се составен дел на Решението.

3. Условите за планирање на просторот со намена водови за пренос на електрична енергија за каблирање на среднонапонски подземен кабелски вод 10(20) kV, КО Штип 1, КО Три Чешми, КО Три Чешми вон град и КО Криви Дол, Општина Штип, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.

4. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина на просторот со намена водови за пренос на електрична енергија за каблирање на среднонапонски подземен кабелски вод 10(20) kV, КО Штип 1, КО Три Чешми, КО Три Чешми вон град и КО Криви Дол, Општина Штип потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконски акти донесени врз нивна основа.

5. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштита на земјоделското земјиште, а особено стриктното органичување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природна плодност на земјиштето.

6. При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за документацијата за предметниот простор со намена водови за пренос на електрична енергија за каблирање на среднонапонски подземен кабелски вод 10(20) kV, КО Штип 1, КО Три Чешми, КО Три Чешми вон град и КО Криви Дол, Општина Штип, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторнион план на Република Македонија.


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

DEPARTAMENTI PËR PLANIFIKIM HAPËSINOR

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Општина Штип, врз основа на член 42, став 1 од Законот за урбанистичко планирање (“Службен весник на Република Македонија” бр. 32/20), поднесе барање преку е-урбанизам, со број на постапка УПП 56259 од 18.10.2023 година, до Агенцијата за планирање на просторот за издавање на Услови за планирање на просторот со намена водови за пренос на електрична енергија за каблирање на среднонапонски подземен кабелски вод 10(20) kV, КО Штип 1, КО Три Чешми, КО Три Чешми вон град и КО Криви Дол, Општина Штип. Вкупната должина на планираната траса изнесува 5,6 км. Должината за која се издаваат Условите за планираната траса изнесува 3,8 км.

Согласно член 42, став 8 од истоимениот закон, Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот со намена водови за пренос на електрична енергија за каблирање на среднонапонски подземен кабелски вод 10(20) kV, КО Штип 1, КО Три Чешми, КО Три Чешми вон град и КО Криви Дол, Општина Штип и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 27/2024 од 09.01.2024 година.

Условите за планирање на просторот **со намена водови за пренос на електрична енергија за каблирање на среднонапонски подземен кабелски вод 10(20) kV, КО Штип 1, КО Три Чешми, КО Три Чешми вон град и КО Криви Дол, Општина Штип** претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општа управна постапка (“Сл. весник на Република Македонија” бр. 124/15 и “Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 76/20), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение и одлучи како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против решението за услови за планирање на просторот може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 15 дена од приемот на решението.

**МИНИСТЕР**
**Каја Шукова**

Изготвил: Раиф Сулејмани

Одобрил: Соња Фурнаџиска

Согласен: Дајана Марковска Ристеска


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “Presveta Bogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk